01

Во согласност со Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен весник на Република Македонија бр.12/19) и Политиката на интегритет на Бирото за развој на образованието усвоена на ден 11.12.2025 година, директорот на Бирото за развој на образованието го донесе следниот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 01-118/1
21.01 2026 година
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПРАВИЛНИК
# ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ
# ВО БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Со овој правилник се уредуваат поимот, облиците и мерките за спречување на судир на интереси, должностите и обврските на службените лица, постапувањето во случај на реален, потенцијален или привиден судир на интереси, како и одговорноста за непочитување на утврдените обврски во Бирото за развој на образованието (во натамошниот текст: БРО).

Целта на овој правилник е заштита на јавниот интерес, јакнење на интегритетот и довербата во работењето на БРО и воспоставување јасни правила за препознавање, спречување и управување со судирот на интереси, во согласност со препораките и практиките на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Одредбите од овој правилник се применуваат исклучиво за интерните потреби на Бирото за развој на образованието и не можат да се толкуваат или применуваат спротивно на Уставот и законите, особено на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Во случај на несогласност помеѓу овој правилник и закон, непосредно се применуваат законските одредби.

## II. ОПФАТ

Одредбите на овој правилник се применуваат на сите службени лица во БРО, вклучително и директорот, заменик-директорот, административните службеници, членовите на комисии и работни тела, како и на други лица ангажирани за вршење работи за БРО по кој било основ.

## III. ПОИМ И ОБЛИЦИ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Судир на интереси претставува состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз законското, објективното и непристрасното вршење на јавните овластувања или службените должности.

Судирот на интереси може да биде:

1. реален (де факто) судир на интереси;
2. привиден судир на интереси;
3. потенцијален судир на интереси;
4. непотизам;
5. непочитување на неспоивост на функции, забрани и ограничувања утврдени со закон.

## IV. ОСНОВНИ ДОЛЖНОСТИ НА СЛУЖБЕНИТЕ ЛИЦА

Службеното лице е должно во своето работење да постапува чесно, одговорно и непристрасно, водејќи сметка да не се доведе во состојба на реален, потенцијален или привиден судир на интереси.
Службеното лице врши самопроценка на ризикот од судир на интереси и избегнува учество во постапки, одлучување или преземање дејствија со кои се одлучува за корист или погодност за него, за блиско лице или за правно лице со кое е поврзано.

## V. ИЗЗЕМАЊЕ И ЗАПИРАЊЕ НА ПОСТАПУВАЊЕ

Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење или можност за постоење на судир на интереси, должно е без одлагање да го извести претпоставениот, советникот за интегритет и да побара изземање од понатамошно постапување.
Службеното лице кое учествува во работа на орган или тело каде се одлучува за прашање во кое тоа или блиско лице има приватен интерес, го пријавува интересот и се иззема од расправата и одлучувањето, што задолжително се констатира во записник.

## VI. ПОСЕБНИ СЛУЧАИ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Службеното лице кое учествува во постапки за избор, именување или вработување е должно да го пријави секој однос што може да предизвика судир на интереси. Раководното лице презема мерки за негово спречување.
Претседателите, членовите и замениците на комисиите за јавни набавки, како и одговорните лица, потпишуваат изјава за непостоење на судир на интереси. Во случај на судир, лицето се повлекува и се заменува со друго лице, согласно закон.

## VII. ПРИЈАВУВАЊЕ НА ИМОТНА СОСТОЈБА И ИНТЕРЕСИ

Лицата кои согласно закон имаат обврска за пријавување имотна состојба и интереси, истата ја пријавуваат до Државната комисија за спречување на корупцијата во рок и на начин утврден со закон. Пријавувањето е лична обврска.

## VIII. СОВЕТУВАЊЕ И ИНТЕГРИТЕТ

Службените лица можат да се обратат до советникот за интегритет за стручна помош, совети и насоки во врска со судирот на интереси, согласно Политиката на интегритет на БРО.

## IX. ОДГОВОРНОСТ

Непочитувањето на одредбите од овој правилник претставува повреда на службената должност и основ за поведување постапка за утврдување одговорност согласно закон. Надлежна институција за утврдување судир на интереси е Државната комисија за спречување на корупцијата.

X. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овој правилник стапува во сила со денот на неговото донесување и се објавува на веб-страницата на Бирото за развој на образованието.

Директор

м-р Милка Тримчевска

Изработил: Метин Сали